( Образец ПП……)

**До: Основен суд КРУШЕВО**

ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
GJYKATA THEMLORE KRUSHEVË

| Примено Pranuar: | 22.11.21 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia organiz. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| СПИ | 7 | /21 | |

# Б А Р А Њ Е
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

М-р Оља Ристова – Судија во Основен кривичен суд Скопје – Аналитичар на Проектот “Безбедни медиумски работници за квалитетно новинарство во Северна Македонија“ финансиран од “Балкански труст за демократија“, ул.Милан Зечар бр.6/84, Скопје, мобилен:072/270-833, e-mail: olja_ristova@yahoo.com

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во периодот 2019, 2020 година и од 01 јануари до 30 октомври 2021 година се поднесени обвиненија за кривични дела во кои оштетени се новинари или медиумски работници, односно дали се поднесени обвиненија за сторени кривични дела: Убиство од чл.123, Телесна повреда од чл.130, Тешка телесна повреда од чл.131, Присилба чл.139, Противправно лишување од слобода чл.140, Загрозување на сигурноста чл.144 или за некое друго кривично дело предвидено во Кривичниот законик во кое како жртва – оштетен е новинар или медиумски работник;
2. Колку обвиненија се поднесени за наведениот период, колку постапки се водени и какви одлуки се донесени во Основниот суд Крушево за кривични дела во кои оштетен или жртва е новинар или медиумски работник;
3. Дали до Основниот суд Крушево се поднесени обвиненија за Загрозување на сигурноста согласно чл.144 ст.4 од КЗ за закани сторени преку информатички систем према новинари или медиумски работници;
4. Колку од жртвите или оштетени се жени - новинари или медиумски работници;
5. Дали постои посебен оддел или судии кои се обучени/специјализирани да постапуваат по обвиненија за кривични дела сторени према новинари и медиумски работници.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис

**- д) друго – писмено известување во кое е одговорено по сите точки од барањето врз основа на податоците со кои располага судот**

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил</u>**
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 21 ноември 2021 година**

**Потпис**
**М-р Оља Ристова**
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОСНОВЕН СУД
СПИ бр.7/21
Крушево

До
М-р Оља Ристова
Судија во Основен кривичен суд Скопје

З А П И С Н И К
од 23.11.2021 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 21.11.2021 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

1.Во периодот 2019,2020 година и 01 јануари до 30 октомври 2021 год. во овој суд нема поднесени обвиненија за кривичните дела : Убисто од чл.123, Телесна повреда од чл.130, Тешка телесна повреда од чл.131, Присилба од чл.139, Противправно лишување од слобода од чл.140, Загрозување на сигурноста од чл.144 од КЗ, во кои оштетени-жртви се новинари или медиумски работници

2. /

3.Во овој суд нема поднесено обвинение за Загрозување на сигурноста согласно чл.144 ст.4 од КЗ за закани сторени преку информатички систем према новинари или медиумски работници.

4. /

5.Во овој суд не постои оддел нити има судии кои се обучени/специјализирани да постапуваат по обвиненија за кривични дела сторени према новинари и медиумски работници.

Со почит,
23.11.2021 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска

---------------------------------------------------------------